МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 119 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10 и бр.53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦ НА БАРАЊЕ И ПОТРЕБНА ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ОРГАНИЗАЦИИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на барањето и потребната придружна документација за упис во Регистарот на организации на производители.

## Член 2

Барањето за упис во Регистарот на организации на производители се поднесува на образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 3

За упис во Регистарот на организации на производители од член 2 на овој правилник, кон барањето се поднесува следната документација:

-доказ дека задругата е регистрирана во Централниот регистер на Република Македонија, согласно со Законот за задругите;

-доказ дека организацијата на производители располага со соодветен персонал, инфраструктура и опрема за постигнување на целите за нејзиното работење;

-оригинал или заверена копија од усвоен Статут на задругата, одобрен од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

- доказ дека има најмалку пет члена;

-доказ дека остварува минимална вредност на годишно пазарно производство од 6.000.000 ден;

-доказ дека се формирани за одреден производ, односно група на производи на овошје или зеленчук;

-доказ за оперативен фонд и изготвена (одобрена или доставена на одобрување) оперативна програма за работа и

-доказ од надлежен орган дека со своето работење не ја ограничува конкуренцијата на пазарот.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.11-8541-1
13 септември 2011 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

## БАРАЊЕ ЗА УПИС ВО РЕГИСТЕРОТ НА ОРГАНИЗАЦИИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ

| | |
|---|---|
| Подносител, односно назив на група на производители | |
| Правен статус на група на производители | |
| Овластено лице за застапување на група на производители | |
| Матичен број на физичко лице /правно лице | ЕМБГ /ЕМБС |
| Адреса на група на производители | |
| Поштенски број, место | |
| Општина | |
| Телефонски број | |
| Факс | |
| Е-пошта | |
| Сметка на група на производители | Банка |
| | Број на трансакциска сметка |

Датум: м.п. Барател:

_______________ _________________